**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УПРАВЕН СУД**
**Су-04.бр.0401-347/20**
**23.12.2020 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на членот 43 став 1 од Законот за судска служба („Службен весник на РМ" бр.43/2014 ... 198/2018), по спроведената постапка по објавениот Интерен оглас бр.1/2020 за кариерно унапредување на 39 судски службеници и Предлогот на Комисијата за селекција и унапредување за работното место „Судски соработник" – категорија В, Ниво В-3, заведен под Су-04.бр.0401-347/20 од 23.12.2020 година, претседателот на Управниот суд, на 23.12.2020 година ја донесе следната

# О Д Л У К А
## – за избор за вработување –

За работното место „Судски соработник" – категорија В, Ниво В-3 (8 извршители), се избира кандидатот:

- Роланда Доко
- Едита Исахи

## О б р а з л о ж е н и е

Управниот суд објави Интерен оглас бр.1/2020 од 07.12.2020 година за кариерно унапредување на 39 судски службеници, објевен во електронска форма на web страната на Судот и тоа за:

1. Раководител на одделение за информатика – Категорија Б, Ниво Б4 – 1 (еден) извршител
2. Судски советник – Категорија В, Ниво В1 – 14 (четиринаесет) извршители
3. Судски соработник – Категорија В, Ниво В3 – 8 (осум) извршители
4. Виш судски референт (извршител во писарница) – Категорија Г, Ниво Г2 – 16 (шеснаесет) извршители

По спроведената постапка за кариерно унапредување на судските службеници (административна селекција и интервју), за работното место „Судски соработник" – категорија В, Ниво В-3 (8 извршители), согласно Законот за судска служба („Службен весник на РМ" бр.43/2014 ... 198/2018) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас, начинот на поднесување на пријавата за унапредување, начинот на спроведување на административната селекција и интервјуто, како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција во зависност од катергоријата на работно место за кое е објавен интерниот оглас („Службен весник на РМ" бр.275/2020), Комисијата за селекција и унапредување на судските службеници за наведеното работно место до претседателот на Судот достави Предлог на кандидати за унапредување за работното место „Судски соработник" – категорија В, Ниво В-3 (8 извршители), под Су-04.бр.0401-347/20 од 22.12.2020 година, со кој предлог за работното место „Судски соработник" –

категорија В, Ниво В-3 (8 извршители), за унапредување се предлагаат судските службеници наведени во изреката од оваа одлука.

Согласно членот 43 став 1 од Законот за судска служба, во рок од три дена од добивањето на предлогот, судскиот администратор, односно претседателот на судот во кој не е избран судски администратор е должен да донесе одлука за избор.

Имајќи ја предвид наведената законска одредба, како и Предлогот на кандидати за унапредување за работното место „Судски соработник“ – категорија В, Ниво В-3, заведен под Су-04.бр.0401-347/20 од 22.12.2020 година, претседателот на Судот одлучи како во изреката од оваа одлука.

**Претседател на Управен суд**
**Burim Sejdini**

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука незадоволниот судски службеник има право на жалба во рок од 8 дена од денот на доставувањето на известувањето за извршениот избор, преку судот за чии потреби бил објавен интерниот оглас до Советот за судска служба.

**ДН: - Судски службеници (2 кандидати)**
- **Судска управа**
- **Интернет страна на судот**
- **Огласна табла на судот**